# КУМАНОВСКИ ГРАФИЧАРИ 2005

Се наоѓаме на прагот на реализација на уште едно издание на графичарската изложба "Кумановски графичари 2005", којашто во својата презентација покрај изложбениот салон во НУ Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово ќе вклучи и повеќе галерии и изложбени салони ширум Република Македонија. Впрочем, оваа практика во изминатите години се покажа како многу успешна од аспект на запознавање на поширокиот ликовен аудиториум со кумановските графички уметници и нивните најнови графички остварувања. Како резултат на напорите околу организацијата на оваа изложба од страна на НУ Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово, кој беше ставен во улога на организатор и промотор на оваа изложба, врските и релациите за двосмерна соработка со многу институции од областа на културата беа обновени, а некои и воспоставени за прв пат. Со изложбата на графики "Кумановски графичари 2005", НУ Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово нема да остане само на идејата истата да ја претстави во рамките на државата, туку ќе направи обид и за излез на меѓународната ликовна сцена. На ова место, треба да ја спомeнеме и поддршката што Министерството за култура на Република Македонија ја дава за проектот "Кумановски графичари" и којашто е мошне значајна за опстанокот на оваа веќе традиционална ликовна манифестација.

Во претходните два предговора за оваа изложба разгледувавме прашања врзани за улогата на графичарите и нивното значење во севкупната ликовна продукција од овие простори. Се чини дека е сосема оправдано и едно размислување врзано за графичкото творештво воопшто, со осврт на идеите и творечките кодови коишто се во постојан процес на редефинирање, перманентното збогатување на ликовната семантиката и незапирливиот процес на интеракција и фузија со други визуелни уметности.

Времето во кое живееме ни остави можност било кој артефакт да го прогласиме за уметничко дело. Од една страна, уметноста престанува да се гледа само како естетска категорија и станува предмет на авторски концепт, а од друга страна се доближува до секојдневниот живот. Тоа движење кон животот и просечниот консумент се чувствува и во најновата збирка на графики "Кумановски графичари 2005" и се препознава како нејзин носечки елемент којштo ги обединува сите автори учесници на оваа изложба, инаку автори во кои се чувствува силен графички индивидуален печат. Во однос на некои постари дела, сепак, нема некои радикални трансформации, промените се движат во рамките на личниот микро план, но сепак постојат. Читливоста на графиките говори за тенденциите истите да се стават во функција на изразувачи на ставови на уметниците кон постоечката стварност, претставувајќи дел од вистината за неа повеќе на еден симболичен отколку експлицитен начин. З. Јакимовски, нашиот водечки

графичар, човек којшто како професор на ФЛУ на отсекот графика изврши огромно позитивно влијание кон помладите графички уметници, на оваа изложба учествува со дела посветени на Албрехт Дирер-уметник којшто прв ја разви идејата за уметничко изразување преку графиката, покрај нејзината мултиоргиналност како предност во однос на другите ликовни медиуми. Во пристапот на З. Јакимовски се чувствува спој на графичкото и ликовното што дава дело со избалансирана идејно-изразна концентрација поврзувајќи еден огромен временски период во многу мал ликовен простор. А. Данаиловска, внесувајќи елементи на текстилни структури, нé прави свесни за перманентното присуство на овој вид дизајн кој, ставен во контекст на нејзините графички концепти, иницира сосема нови визуелни релации. Во монотипиите на Т. Димовски експресионистичкиот третман на колоритот дава чувство на огромна динамичка космичка енергија, ставена во една творечка улога на незапирливото движење врзано со вечната промена и минливост. Т. Соларска-Темелковски проблематизира со идејата за општество коешто ќе биде потполно дигитализирано и под контрола, а носителот на баркодот како читлив објект за компјутерот ќе биде само податок - информација. В. Цимревска човечкото присуство го дава на мошне експлицитен начин оставајќи нé сами, без сугестии, да го сфатиме контекстот и притоа барајќи од нас определен ментален ангажман; додека М. Алили останува во сферата на апстрактното, сфатено како алтернативно решение на реалното и идеја со иста цел: разбирање на макро и микро космосот. Од перспектива на С. Јакимовски, третманот на класичните омилени теми на сликарите (мртви природи, аквариум и листови) дадени во чисти графички реализации ја потенцираат цртачката компонента на овој млад автор, но и неговото знаење во областа на техничката изведба. М. Величковска на еден оргинален начин внесува тродимензионалност во својот израз притоа промовирајќи ни го својот поглед на светот во кој се скриени пораки и искрени размислувања.

Сите автори учесници во изложбата "Кумановски графичари 2005" прават обид да ја сочуваат својата оригинална идеја која, покрај техничката изведба, ќе биде плод и на определен интелектуален концепт без кој графиката не би имала оправдување за своето постоење. Исто како што не би имало оправдување отсуството на комуникација на релацијата уметност и публика.

Роберт Цветковски,
историчар на уметноста



Зоран Јакимовски

е најафирмираниот автор на полето на графичката уметност од Куманово, но и во пошироки рамки и поголемиот дел од својот живот го посветува на уметноста, а пред се на графиката. Роден 1953 во Куманово, дипломира на ФЛУ во Белград во класата на проф. Бошко Карановиќ во 1978. Постдипломски студии завршува 1982 во класата на професорот Марко Крсмановиќ. Во моментот работи како редовен професор на ФЛУ во Скопје на отсекот графика. Самостојно излагал во Цирих, Дизелдорф, Париз, Белрад, Панчево, Нови Сад, Скопје и др. Учествува и на преку 130 групни изложби: Биеналето во Баден Баден, Љубљана, Токио, Краков, Барцелона, Њујорк, Варна, Битола и др. Добитник е на преку 20 национални и меѓународни награди, меѓу кои во 2004. Прва награда за мала графика на Меѓународната изложба за мала графика во Велес. Во 2005 излага во: Тетово (мала графика), Ужице - СЦГ и Каиро (Гиза) - Египет.





Анка Данаиловска

Родена во Куманово 1972, а своето школување го ориентира кон ликовната уметност: средно училиште - Училиште за применета уметност, па ФЛУ во Скопје на отсекот за графика, во класата на проф. Димче Николов во 1995, а во 2000 е на студиски престој во Париз. Постдипломски студии завршува 2005 во Софија. Од 1997 членува во ДЛУМ од кога е и редовно присутна на локални и меѓународни изложби. Самостојно изложува во: Куманово, Скопје, Париз, Струмица и Софија, а исто така и учествува на повеќе меѓународни групни изложби и колонии во: Македонија, Србија и Црна Гора, Јапонија, Белгија, Бугарија (Меѓународно графичко триенале во Варна и Самоков - 2005) и др. Добитник е на повеќе награди и признанија меѓу кои: награда за графика Димче Николов 2002, награда за цртеж Никола Мартиновски 2003, откупна награда на ТВ Телма (2005). Во 2005 самостојно излага во Музејот на град Скопје и Уметничката галерија во Куманово.





Тони Димовски

Роден во Куманово во 1969. Дипломира на ФЛУ во Скопје 1995 во класата на Димче Николов, отсек графика. Завршил постдипломски студии на ФЛУ во Скопје во класата на доц. Мирко Вујисиќ, отсек графика во 2002. Самостојно излага во Куманово, а учествува и на повеќе групни изложби во: Македонија, Бугарија, Кувајт, Србија и Црна Гора, Унгарија и др.
Има и пофалница од Меѓународното жири СИАБ 2000. Во 2005 излага на изложбата "Кумановски уметници".





Викторија Цимревска

Родена е во Куманово 1974, а дипломира на ФЛУ во Скопје во класата на проф. Костадин Танчев на отсекот за графика. Постдипломски студии завршува кај истиот професор во 2000. Членува во ДЛУМ од 1999. Самостојно излага во Куманово 2000, а учествува на повеќе групни изложби во: Македонија, Белгија, Хрватска, Србија и Црна Гора, Турција, Бугарија и Германија. Присутна е и на колониите во Македонија, Србија и Црна Гора и Бугарија. Има освоено повеќе награди меѓу кои Награда за мала графика во Лесковац 1999 и награда "Мијачки зографи" на 47 годишна изложба на ДЛУМ.
Во јануари 2005 отвори самостојна изложба во Париз.





Мухамедали Алили

е роден во Куманово 1972. Дипломирал на ФЛУ на отсекот графика во класата на проф. Димитар Малиданов во 2000. Учествувал на повеќе ликовни колонии во Дебар, Кичево, Куманово, како и учество на групни изложби во Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар и др. Во 2005 излага во Гостивар и Приштина (групна графичка изложба), а учествува и во работата на тетовската колонија.
Работи како ликовен педагог.





Тања Соларска Темелковски

е родена во Куманово во 1974.
Својата наобразба ја стекнува на ФЛУ во Скопје каде што и дипломира во класата на проф. Рубенс Корубин. Самостојно изложувала во Куманово во 2003, а учествувала и на повеќе групни изложби во Македонија и Србија и Црна Гора.
Присутна е на секоја изложба од циклусот "Кумановски графичари " и како учество 2005 на изложбата "Кумановски уметници".
Работи како ликовен педагог.





Стефан Јакимовски

е роден 1982 во Куманово и е апсолвент на ФЛУ Скопје. Учествува на повеќе групни изложби во Македонија (Велес и Тетово, мала графика) како и на меѓународната ликовна сцена: во Грција ја освојува и 2-та награда на Balkan Youth Festival - во Грција во 2000, а во 2005 излага и во Ужице (СЦГ) и Каиро (Гиза) - Египет.





Магда Величковска

Родена е во Куманово 1980. Дипломирала на ФЛУ - Скопје во 2005, отсек графика, во класата на проф. Зоран Јакимовски. Има излагано на неколку групни изложби меѓу кои и на "Кумановски ликовни уметници" во 2005.



Издавач:
Национална установа
Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово
За издавачот:
Жика Крстевски
Организација и текст:
Роберт Цветковски
Дизајн и компјутерска подготовка:
Страшо Арсовски
Фотографии: Роберт Цветковски
Печати: "КИМЕ-ГРАФ" - Куманово
Декември 2005 - Куманово

Проектот е финансиран од
Министерство за култура на Република Македонија